# ОСИГУРУВАЊЕ ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Документ со информации за производот за осигурување

**Компанија: ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

**Производ: М ПРОТЕКТ**

Во овој документ се сумирани клучните информации поврзани со производот за осигурување. Комплетните преддоговорни и договорни информации за производот се составен дел од општите и посебните услови за осигурување.

## Вид на осигурување

**М ПРОТЕКТ** претставува пакет за осигурување лица кој покрива смрт, траен инвалидитет и трошоци за лекување кои се последица на несреќен случај - незгода. Во случај на смрт од незгода на осигуреник кој во моментот на склучување на осигурувањето подигнал кредит од финансиско друштво, се надоместува и должниот износ од главницата на долготот кон финансиското друштво, но најмногу до максималната сума на осигурување.

## Осигурително покритие

**М Протект мини**

1. Смрт од незгода - 20.000 МКД
2. Траен инвалидитет - 30.000 МКД
3. Трошоци за лекување - 6.000 МКД
4. Главница од долг* - 12.000 МКД

**Премија 600 МКД**

**М Протект макси**

1. Смрт од незгода - 20.000 МКД
2. Траен инвалидитет - 50.000 МКД
3. Трошоци за лекување - 9.000 МКД
4. Главница од долг* - 16.000 МКД

**Премија 900 МКД**

*во случај осигуреникот да подигне кредит од финансиско друштво

## Исклучени ризици

Несреќен случај како последица на:

- ✗ Земјотрес,
- ✗ Војна, воени движења и операции;
- ✗ Тероризам, манифестации и демонстрации;
- ✗ Управување на возила без соодветна дозвола;
- ✗ Спортски натпревари и екстремни спортови;
- ✗ Дејство на алкохол или наркотици;
- ✗ Состојба на болест, пореметување на свеста;
- ✗ Останати исклучувања согласно условите за осигурување.

## Ограничувања на осигурувањето

- ! Највисокиот износ кој може да се покрие за траен инвалидитет, трошоци за лекување и главницата од долгот на кредитот е сумата за осигурување по конкретниот ризик.
- ! Максимална пристапна старост на осигуреникот е 70 години.

## Територијална важност на осигурувањето

Осигурувањето важи во сите земји. Покритието за трошоци за лекување се однесува на партиципацијата за лекувањето на територијата на Република Северна Македонија.

## Обврски на осигуреникот

При осигуран случај осигуреникот или корисникот на осигурувањето зависно од видот на осигурениот случај има обврска веднаш да се јави на лекар, да се придржува на лекарските упатства за лекувањето, писмено да го извести осигурувачот и да ги обезбеди и достави сите потребни документи за решавање на штета.

## Премија за осигурување

Премијата за осигурување се плаќа еднократно, при склучување на осигурувањето и истата изнесува 600 денари за договорено покритие М Протект мини, односно 900 денари за М Протект макси.

## Почеток и престанок на покритието

Осигурувањето, како и обврската на Осигурувачот, започнува да трае во 24:00 часот на денот означен како почеток на осигурување на Сертификатот на осигурување и престанува во 24:00 часот на истекот на шест месеци сметајќи од денот на почеток на осигурување.

## Прекин на договорот

Осигурувањето престанува доколку настапи смрт, 100% инвалидитет, осигуреникот стане деловно неспособен или во случај да договорот за осигурување се раскине под било кој друг законски основ.